# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## Општина Гази Баба

18 април 2017 | Излегува по потреба | Година XII | број 4



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007'' - СКОПЈЕ ЗА 2018 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишниот план за вработување на ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје за 2018 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 13.04.2017 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-1421/1**
**од 18.04.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 20-б став (2) од Законот за вработените во јавниот сектор (''Службен весник на РМ'' бр.27/14, 199/14 и 27/16), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13, расправајќи по Одлуката за усвојување на Годишниот план за вработување на ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007'' - Скопје за 2018 година, бр.02-37/3 од 17.03.2017 година, Советот на Општина Гази Баба на Педесет и деветтата седница одржана на ден 13.04.2017 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007'' - СКОПЈЕ ЗА 2018 ГОДИНА

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Одлуката за усвојување на Годишниот план за вработување на ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007'' - Скопје за 2018 година, бр.02-37/3 од 17.03.2017 година, донесена од Управниот одбор.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007'' - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-1340/3**
**од 13.04.2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2017 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување на Општина Гази Баба за 2017 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 13.04.2017 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-1421/2**
**од 18.04.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 20-б став (2) од Законот за вработените во јавниот сектор (''Службен весник на РМ'' бр.27/14, 199/14 и 27/16), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13, Советот на Општина Гази Баба на Педесет и деветтата седница одржана на ден 13.04.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2017 ГОДИНА**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Годишниот план за вработување на Општина Гази Баба за 2017 година.

**Член 2**

Годишниот план за вработување на Општина Гази Баба за 2017 година, да се достави на мислење до Министерството за информатичко општество и администрација.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-1340/4**
**од 13.04.2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2018 ГОДИНА**

1. Се објавува Буџетскиот календар за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2018 година, што Советот на Општина Гази Баба го утврди на седницата одржана на ден 13.04.2017 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-1421/3**
**од 18.04.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 27 став (4) и став (5) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 22/07, 156/09, 47/11 и 192/15), член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Педесет и деветтата седница одржана на ден 13.04.2017 година, утврди

## Б У Џ Е Т С К И К А Л Е Н Д А Р

## ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2018 ГОДИНА

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба утврди Буџетски календар за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2018 година.

**Член 2**

Со Буџетскиот календар на Општина Гази Баба се пропишува постапката и се утврдуваат роковите за планирање на активностите и за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2018 година, односно се утврдуваат роковите во кои Градоначалникот до општинските буџетски корисници ги доставува главните насоки за изготвување на финансиските планови кои општинските буџетски корисници ги доставуваат до Градоначалникот, се утврдуваат постапките и роковите во кои секторите треба да изготват Предлог-План на Програми за развој на општината за период 2018-2020 година и Предлог-Програми за извршување на одделни активности во општината за 2018 година, како и процедурите и роковите во кои Градоначалникот го доставува Предлог-Буџетот до Советот на општината.

| МОЖЕН РОК | БУЏЕТСКИ АКТИВНОСТИ |
|---|---|
| 01.04-30.04.2017 година | 1.Совет на Општина Гази Баба го донесува Буџетскиот календар за изготвување на Буџетот за 2018 година. |
| 01.05-15.06.2017 година | 1.Известување од секторот за финансиски прашања до раководителите на секторите, раководителите на одделенијата и до одговорните лица за одредени активности за изготвување на Предлог-План на Програми за развој на општината за период 2018-2020 година и за изготвување Предлог-Програми за извршување на одделни активности во општината за 2018 година. |
| | 2.Секторот за финансиски прашања доставува известување до општинските буџетски корисници со главните насоки за изготвување на финансиски планови за 2018 година. |
| 15.06-15.08.2017 година | 1.Изготвените Предлог-План на Програмите за развој на општината за период 2018-2020 година и Предлог-Програми за извршување на одделни активности во општината за 2018 година со проценка на трошоците за буџетската 2018 година раководителите на секторите, раководителите на одделенијата и одговорните лица за одредени активности ги доставуваат до секторот за финансиски прашања. |
| | 2.Општинските буџетски корисници ги доставуваат финансиски планови за 2018 година до секторот за финансиски прашања. |

| | |
|---|---|
| 15.08-15.09.2017 година | 1.Предлог-Планот на Програми за развој на општината за периодот 2018-2020 година, Предлог-Програмите за извршување на одделни активности во општината и финансиски планови на општинските буџетски корисници за 2018 година се анализираат, се усогласуваат од страна на секторот за финансиски прашања и се поднесуваат до Градоначалникот. |
| | 2. Секторот за финансиски прашања изготвува и предлага Трошковен план за 2018 година. |
| | 3. Секторот за финансиски прашања изготвува и предлага План за приходи за 2018 година. |
| 15.09-30.09.2017 година | Градоначалникот предложените Предлог-План на Програми за развој на општината за периодот 2018-2020 година, Предлог-Програми за извршување на одделни активности во општината за 2018 година и Предлог-Буџетот за 2018 година ги разгледува, ги анализира и ги усогласува со раководителите на секторите, раководителите на одделенијата и со одговорните лица за одредени активности, ги одобрува и ги доставува до Советот на општината. |
| 01.10-31.10.2017 година | 1.Седница на Советот на општината на која се усвојуват Предлог-Планот на Програми за развој на општината за периодот 2018-2020 година и Предлог-Програми за извршување на одделни активности во општината за 2018 година и Предлог-Буџетот за 2018 година и се дава достапност на јавноста со објавување на нивната содржина. |
| | 2.Се одржуваат јавни расправи. |
| 01.11-15.11.2017 година | Седница на Советот на општината на која се одобруваат Предлог-Планот на Програми за развој на општината за периодот 2018-2020 година и Предлог-Програми за извршување на одделни активности во општината за 2018 година. |
| 16.11-30.11.2017 година | Се изготвува конечен Предлог-Буџет за 2018 година од страна на секторот за финансиски прашања и се доставува до Градоначалникот. |
| 01.12-15.12.2017 година | Градоначалникот го разгледува и го одобрува конечниот Предлог-Буџет за 2018 година и го доставува до Советот. |
| 16.12-25.12.2017 година | Седница на Советот на општината за донесување на Буџетот за 2018 година. |
| 01.01.2018 година | Започнува новата буџетска година. |

**Член 3**

Овој Буџетскиот календар влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1340/5**
**од 13.04.2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕДОВНОСТА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ВО ПОСТОЈАНИТЕ КОМИСИИ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА ПЕРИОД АПРИЛ 2013 - АПРИЛ 2017 ГОДИНА**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на извештајот за редовноста на членовите на Советот на Општина Гази Баба, во постојаните комисии на Советот на Општина Гази Баба, за период април 2013 - април 2017 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 13.04.2017 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-1421/4**
**од 18.04.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) а во врска со член 43 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 13 и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), расправајќи по извештајот за редовноста на членовите на Советот на Општина Гази Баба, во постојаните комисии на Советот на Општина Гази Баба, за период април 2013 - април 2017 година, бр.03-1321/1 од 04.04.2017 година, Советот на Општина Гази Баба на Педесет и деветтата седница одржана на ден 13.04.2017 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕДОВНОСТА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ВО ПОСТОЈАНИТЕ КОМИСИИ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА ПЕРИОД АПРИЛ 2013 - АПРИЛ 2017 ГОДИНА

1. Советот на Општина Гази Баба го усвојува извештајот за редовноста на членовите на Советот на Општина Гази Баба, во постојаните комисии на Советот на Општина Гази Баба, за период април 2013 - април 2017 година, бр.03-1321/1 од 04.04.2017 година, поднесен од секторот за правни и општи работи - одделение за поддршка на Советот и работните тела на Советот.

2. Заклучокот да се достави до секторот за правни и општи работи - одделение за поддршка на Советот и работните тела на Советот.

3. Се задолжува секторот за правни и општи работи - одделение за поддршка на Советот и работните тела на Советот, извештајот за редовноста на членовите на Советот на Општина Гази Баба, во постојаните комисии на Советот на Општина Гази Баба, за период април 2013 - април 2017 година, бр.03-1321/1 од 04.04.2017 година дополнително ажуриран со податоци од Педесет и деветтата седница на Советот на Општина Гази Баба, да го објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

4. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-1340/6**
**од 13.04.2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ул. Архимедова бр. 2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (0)2 322 66 55, факс: +389 (0)2 321 51 12, http://www.gazibaba.gov.mk opstina@gazibaba.gov.mk

*СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ*
**Бр.03-1321/1 од 13.04.2017 година**
С к о п ј е

Врз основа на член 13 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), секторот за правни и општи работи - одделение за поддршка на Советот и работните тела на Советот, согласно податоците од службената евиденција со која располага, а кои се однесуваат на евиденција на редовноста на членовите на Советот на Општина Гази Баба во постојаните комисии на Советот на Општина Гази Баба, до Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, го поднесува следниот:

## И З В Е Ш Т А Ј

### ЗА РЕДОВНОСТА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ВО ПОСТОЈАНИТЕ КОМИСИИ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА ПЕРИОД АПРИЛ 2013 - АПРИЛ 2017 ГОДИНА

Советот на Општина Гази Баба е конституиран на конститутивната седница одржана на 15.04.2013 година, со решение за верификација на мандатите на членовите на Советот на Општина Гази Баба, бр.07-1232/5 од 15.04.2013 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.5/13). Мандатот на членовите на Советот е четири години за период 15.04.2013 година - 14.04.2017 година.

Извештајот се однесува на периодот од формирање на постојаните комисии на Советот на Општина Гази Баба (15.04.2013 година - формирање на комисија за мандатни прашања, избори и именувања и 17.05.2013 година - на втората седница на Советот беа формирани преостанатите постојани комисии) **до 13.04.2017 година**.

Постојани комисии на Советот на Општина Гази Баба (вкупно 13) се:

- Комисија за мандатни прашања, избори и именувања;
- Статутарно - правна комисија;
- Комисија за програмирање на работата на Советот на Општина Гази Баба;
- Комисија за финансии и Буџет;
- Комисија за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина;
- Комисија за општествени дејности;
- Комисија за месна самоуправа;
- Комисија за одбележување на празници и манифестации и доделување награди и признанија;
- Комисија за локален економски развој;
- Комисија за земјоделие;

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ул. Архимедова бр. 2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (0)2 322 66 55, факс: +389 (0)2 321 51 12, http://www.gazibaba.gov.mk opstina@gazibaba.gov.mk

- Комисија за култура, спорт и рекреација;
- Комисија за еднакви можности на жените и мажите; и
- Комисија за негување и чување на традициите на македонскиот народ, заедниците и македонската држава и заштита на историските споменици и спомен обележја.

Во наведениот период, одржани се вкупно **308** седници на постојаните комисии на Советот на Општина Гази Баба, со следниот преглед на составот, одржаните седници и редовноста на членовите на постојаните комисии:

***<u>КОМИСИЈА ЗА МАНДАТНИ ПРАШАЊА, ИЗБОРИ И ИМЕНУВАЊА</u>***

**седници - 27**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ПРЕТСЕДАТЕЛ | **СВЕТЛАНА ТРПКОСКА** | **27** | член на комисија од 15.04.2013 година |
| 2. | ЧЛЕН | **АНЕТА МИШЕВСКА-ТОДОРОВА** | **26** | член на комисија од 15.04.2013 година |
| 3. | ЧЛЕН | **м-р НЕВЕНКА СТАМЕНКОВСКА** | **14** | член на комисија од 15.04.2013 година |
| 4. | ЧЛЕН | **МИЦА МЛАДЕНОВСКА** | **26** | член на комисија од 15.04.2013 година |
| 5. | ЧЛЕН | **ИРФАН АЗЕМОВ** | **11** | член на комисија од 15.04.2013 година |

***<u>СТАТУТАРНО - ПРАВНА КОМИСИЈА</u>***

**седници - 44**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ПРЕТСЕДАТЕЛ | **м-р МИЛАН АНДОНОВСКИ** | **36** | член на комисија од 17.05.2013 година |
| 2. | ЧЛЕН | **АНЕТА МИШЕВСКА-ТОДОРОВА** | **38** | член на комисија од 17.05.2013 година |
| 3. | ЧЛЕН | **СВЕТЛАНА ТРПКОСКА** | **24** | член на комисија од 30.05.2014 година |
| 4. | ЧЛЕН | **ЃОРЕ СТОЈКОВСКИ** | **22** | член на комисија од 10.02.2015 година |
| 5. | ЧЛЕН | **ИРФАН АЗЕМОВ** | **14** | член на комисија од 17.05.2013 година |

***<u>КОМИСИЈА ЗА ПРОГРАМИРАЊЕ НА РАБОТАТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА</u>***

**седници - 4**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ПРЕТСЕДАТЕЛ | **м-р МИЛАН АНДОНОВСКИ** | **3** | член на комисија од 17.05.2013 година |
| 2. | ЧЛЕН | **БЛАГЕ ДАНЕВ** | **3** | член на комисија од 17.05.2013 година |
| 3. | ЧЛЕН | **ЗОРАН КОСТОВСКИ** | **4** | член на комисија од 17.05.2013 година |
| 4. | ЧЛЕН | **ЗОРАН СТОЈАНОВ** | **4** | член на комисија од 17.05.2013 година |
| 5. | ЧЛЕН | **ФЕЈЗУЛА ЗЕНДЕЛИ** | **1** | член на комисија од 17.05.2013 година |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ул. Архимедова бр. 2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (0)2 322 66 55, факс: +389 (0)2 321 51 12, http://www.gazibaba.gov.mk opstina@gazibaba.gov.mk

**КОМИСИЈА ЗА ФИНАНСИИ И БУЏЕТ**

**седници - 55**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ПРЕТСЕДАТЕЛ | **МАРЈАН КРСТЕВСКИ** | **55** | член на комисија од 17.05.2013 година |
| 2. | ЧЛЕН | **МИЛКА ВИДОВСКА** | **31** | член на комисија од 30.05.2014 година |
| 3. | ЧЛЕН | **ИВИЦА ПЕТРОВСКИ** | **51** | член на комисија од 17.05.2013 година |
| 4. | ЧЛЕН | **ЕЛИЗАБЕТА СТОЈМЕНОВА** | **40** | член на комисија од 17.05.2013 година |
| 5. | ЧЛЕН | **ЃУЛСЕФА КУРТЕШИ** | **23** | член на комисија од 17.05.2013 година |
| 6. | ЧЛЕН | **ВЕСЕЛКА СТОЈАНОВИЌ** | **54** | член на комисија од 17.05.2013 година |
| 7. | ЧЛЕН | **ИРФАН АЗЕМОВ** | **12** | член на комисија од 17.05.2013 година |

**КОМИСИЈА ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ, СООБРАЌАЈ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

**седници - 56**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ПРЕТСЕДАТЕЛ | **ЗОРАН КОСТОВСКИ** | **50** | член на комисија од 17.05.2013 година |
| 2. | ЧЛЕН | **БЛАГЕ ДАНЕВ** | **55** | член на комисија од 17.05.2013 година |
| 3. | ЧЛЕН | **БЛАГОЈЧЕ ТРПКОВСКИ** | **46** | член на комисија од 17.05.2013 година |
| 4. | ЧЛЕН | **НИКОЛАЈ ЧИФУТОВ** | **44** | член на комисија од 17.05.2013 година |
| 5. | ЧЛЕН | **БОБИ КАМЧЕСКИ** | **10** | член на комисија од 11.03.2016 година |
| 6. | ЧЛЕН | **ДАРИО НИКОЛОВСКИ** | **13** | член на комисија од 10.02.2015 година |
| 7. | ЧЛЕН | **ФЕЈЗУЛА ЗЕНДЕЛИ** | **25** | член на комисија од 17.05.2013 година |

**КОМИСИЈА ЗА ОПШТЕСТВЕНИ ДЕЈНОСТИ**

**седници - 33**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ПРЕТСЕДАТЕЛ | **ВЕСЕЛКА СТОЈАНОВИЌ** | **32** | член на комисија од 17.05.2013 година |
| 2. | ЧЛЕН | **ИВИЦА ПЕТРОВСКИ** | **29** | член на комисија од 17.05.2013 година |
| 3. | ЧЛЕН | **ЈОРДАНЧО ТОДОСИЕВ** | **21** | член на комисија од 17.05.2013 година |
| 4. | ЧЛЕН | **СТОЈАН БЛАЖЕВСКИ** | **31** | член на комисија од 17.05.2013 година |
| 5. | ЧЛЕН | **МИЛКА ВИДОВСКА** | **28** | член на комисија од 17.05.2013 година |

**КОМИСИЈА ЗА МЕСНА САМОУПРАВА**

**седници - 15**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ПРЕТСЕДАТЕЛ | **ЃОРЕ СТОЈКОВСКИ** | **9** | член на комисија од 10.02.2015 година |
| 2. | ЧЛЕН | **МАРЈАН КРСТЕВСКИ** | **14** | член на комисија од 17.05.2013 година |
| 3. | ЧЛЕН | **АНЕТА МИШЕВСКА-ТОДОРОВА** | **11** | член на комисија од 17.05.2013 година |
| 4. | ЧЛЕН | **ИГОР АТАНАСОВСКИ** | **12** | член на комисија од 17.05.2013 година |
| 5. | ЧЛЕН | **ФЕЈЗУЛА ЗЕНДЕЛИ** | **3** | член на комисија од 17.05.2013 година |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ул. Архимедова бр. 2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (0)2 322 66 55, факс: +389 (0)2 321 51 12, http://www.gazibaba.gov.mk opstina@gazibaba.gov.mk

**КОМИСИЈА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПРАЗНИЦИ И МАНИФЕСТАЦИИ И ДОДЕЛУВАЊЕ НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА**

**седници - 5**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ПРЕТСЕДАТЕЛ | **ЈОРДАНЧО ТОДОСИЕВ** | **5** | член на комисија од 17.05.2013 година |
| 2. | ЧЛЕН | **ЕЛИЗАБЕТА СТОЈМЕНОВА** | **3** | член на комисија од 17.05.2013 година |
| 3. | ЧЛЕН | **ЃУЛСЕФА КУРТЕШИ** | **2** | член на комисија од 17.05.2013 година |
| 4. | ЧЛЕН | **БОБИ КАМЧЕСКИ** | **/** | член на комисија од 11.03.2016 година |
| 5. | ЧЛЕН | **ЦВЕТАНКА СТОЈАНОВСКА** | **2** | член на комисија од 17.05.2013 година |

**КОМИСИЈА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ**

**седници - 31**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ПРЕТСЕДАТЕЛ | **м-р НЕВЕНКА СТАМЕНКОВСКА** | **26** | член на комисија од 17.05.2013 година |
| 2. | ЧЛЕН | **ИГОР АТАНАСОВСКИ** | **29** | член на комисија од 17.05.2013 година |
| 3. | ЧЛЕН | **МАРЈАН КРСТЕВСКИ** | **27** | член на комисија од 17.05.2013 година |
| 4. | ЧЛЕН | **НИКОЛАЈ ЧИФУТОВ** | **20** | член на комисија од 17.05.2013 година |
| 5. | ЧЛЕН | **САШО НАЧОВСКИ** | **1** | член на комисија од 17.05.2013 година |

**КОМИСИЈА ЗА ЗЕМЈОДЕЛИЕ**

**седници - 6**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ПРЕТСЕДАТЕЛ | **БЛАГОЈЧЕ ТРПКОВСКИ** | **6** | член на комисија од 30.05.2014 година |
| 2. | ЧЛЕН | **ИВИЦА ПЕТРОВСКИ** | **6** | член на комисија од 17.05.2013 година |
| 3. | ЧЛЕН | **БЛАГЕ ДАНЕВ** | **6** | член на комисија од 17.05.2013 година |
| 4. | ЧЛЕН | **ИГОР АТАНАСОВСКИ** | **5** | член на комисија од 30.05.2014 година |
| 5. | ЧЛЕН | **ЦВЕТАНКА СТОЈАНОВСКА** | **5** | член на комисија од 17.05.2013 година |

**КОМИСИЈА ЗА КУЛТУРА, СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА**

**седници - 24**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ПРЕТСЕДАТЕЛ | **БОБИ КАМЧЕСКИ** | **5** | член на комисија од 11.03.2016 година |
| 2. | ЧЛЕН | **БЛАГОЈЧЕ ТРПКОВСКИ** | **21** | член на комисија од 17.05.2013 година |
| 3. | ЧЛЕН | **ЈОРДАНЧО ТОДОСИЕВ** | **20** | член на комисија од 17.05.2013 година |
| 4. | ЧЛЕН | **ДАРИО НИКОЛОВСКИ** | **8** | член на комисија од 17.05.2013 година |
| 5. | ЧЛЕН | **ИРФАН АЗЕМОВ** | **10** | член на комисија од 17.05.2013 година |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ул. Архимедова бр. 2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (0)2 322 66 55, факс: +389 (0)2 321 51 12, http://www.gazibaba.gov.mk opstina@gazibaba.gov.mk

**КОМИСИЈА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ**

**седници - 5**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ПРЕТСЕДАТЕЛ | **МИЦА МЛАДЕНОВСКА** | **5** | член на комисија од 17.05.2013 година |
| 2. | ЧЛЕН | **МАЈА СТОЈЧЕВСКА** | **3** | член на комисија од 30.05.2014 година |
| 3. | ЧЛЕН | **ЃУЛСЕФА КУРТЕШИ** | **2** | член на комисија од 17.05.2013 година |
| 4. | ЧЛЕН | **СВЕТЛАНА ТРПКОСКА** | **5** | член на комисија од 17.05.2013 година |
| 5. | ЧЛЕН | **ФЕЈЗУЛА ЗЕНДЕЛИ** | **4** | член на комисија од 17.05.2013 година |

**КОМИСИЈА ЗА ЧУВАЊЕ И НЕГУВАЊЕ НА ТРАДИЦИИТЕ НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД, ЗЕДНИЦИТЕ И МАКЕДОНСКАТА ДРЖАВА И ЗАШТИТА НА ИСТОРИСКИТЕ СПОМЕНИЦИ И СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈА**

**седници - 3**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ПРЕТСЕДАТЕЛ | **НИКОЛАЈ ЧИФУТОВ** | **3** | член на комисија од 17.05.2013 година |
| 2. | ЧЛЕН | **м-р НЕВЕНКА СТАМЕНКОВСКА** | **2** | член на комисија од 17.05.2013 година |
| 3. | ЧЛЕН | **СТОЈАН БЛАЖЕВСКИ** | **3** | член на комисија од 17.05.2013 година |
| 4. | ЧЛЕН | **МИЛКА ВИДОВСКА** | **3** | член на комисија од 17.05.2013 година |
| 5. | ЧЛЕН | **ИРФАН АЗЕМОВ** | **1** | член на комисија од 17.05.2013 година |

* Во овој период, одржаните седници на постојаните комисии претходеа на одржани **59** седници на Советот на Општина Гази Баба, на кои беа донесени вкупно **1170 акти**,односно по години: (од април) 2013 година - 293; 2014 година - 278; 2015 година - 266, 2016 година - 267 и 2017 година - 66 акти.

Со почит,

**РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР,**
Насе Ралев, с.р.

изготвил:
раководител на одделение,
Васко Апостоловски, с.р.

Доставено до:
- Претседател на Совет на Општина Гази Баба,
- архивата.

* Извештајот е дополнително ажуриран со податоци од Педесет и деветтата седница, согласно заклучок бр.09-1340/6 од 13.04.2017 година

5

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2017 ГОДИНА**

1. Се објавува Програмата за дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 13.04.2017 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-1421/5**
**од 18.04.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 84 став (1) а во врска со член 99 од Закон за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Педесет и деветтата седница одржана на ден 13.04.2017 година, донесе

## П Р О Г Р А М А

## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2017 ГОДИНА

1. Во Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година, бр.09-602/11 од 28.02.2016 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/17), се вршат следните дополнувања:

Во точка 2 - "Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на програмата (групирани по населено место и урбанистички план)

– Графички прилог со одбележени градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во тоа населено место/локалите, идентификувани со број на градежните парцели," се дополнува со следната градежна парцела:

| Р.бр. | Градежни парцели | Намена | Урбан блок, локалитет, населено место | Назив на план | Број на градежни парцели |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 1.6 | Г1-тешка и загадувачка индустрија Д1,Д2,Д4,Б4, В2,Г2,Г3,Г4 макс.вкупен збир 49% | КО Гази Баба | ДУП за градска четврт С17 блок 1 (Одлука на Совет бр.09-828/6 од 14.03.2017год.) | 1 |

2. Графичкиот приказ и табеларниот приказ на парцели по урбани модули се дополнува со:

- **ДУП за градска четврт С17 блок 1**




| Бр. на ГП | Површина на ГП (м2) | Површна под градба (м2) | Процент на изграденост | Изградена површина (м2) | Коефициент на искористеност | **Намена на замјиште** | Максимална висина на градба/ бр. на катови | Колски пристап | Почетна цена ден./ м2 | Вкупна почетна цена (ден) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.6 | 66,996 | 46,897 | 70.00 % | 70,346 | 1.05 | Г1-тешка и загадувачка индустрија Д1,Д2,Д4,Б4, В2,Г2,Г3,Г4 макс.вкупен збир 49% | П+2 според АУП (согласно технолошки процес) | С2,Н3 | **70** | **4.689.720** |

3. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-1340/7**
**од 13.04.2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ЦС 09, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт ЦС 09, Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 13.04.2017 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-1421/6**
**од 18.04.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 39 став (5) и став (9) и член 42 став (3), став (5) и став (7) од Законот за просторно и урбанистичко планирање (''Службен весник на РМ'' бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), член 22 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Педесет и деветтата седница одржана на ден 13.04.2017 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ЦС 09, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

### Член 1

Со оваа одлука се донесува Детален урбанистички план за Градска четврт ЦС 09, Општина Гази Баба - Скопје.

Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт ЦС 09, Општина Гази Баба - Скопје, ги почитува одредбите на Просторниот план на РМ, Генералниот урбанистички план на град Скопје 2012-2022 год. (''Службен гласник на Град Скопје'' бр. 18/12) Законот за просторно и урбанистичко планирање (''Службен весник на РМ'' бр.199/14, 44/15 и 193/15), Правилникот за поблиската содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план,детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (''Службен весник на РМ'' бр.142/15) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (''Службен весник на РМ'' бр.142/15, 217/15, 222/15 и 228/15).

### Член 2

Со оваа одлука се опфаќа простор со површина од 31,10 ха и е во рамките на следните граници:

Граници на планскиот опфат се:

- **Север:** осовина на булевар '' Александар Македонски'';
- **Исток:** осовина на улица ''16-та Македонска бригада'';
- **Југ:** осовина на булевар ''АСНОМ''; и
- **Запад:** осовина на улица "Беласица".

Границата на планскиот опфат е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки по Х и У координати:

| | |
|---|---|
| X=537722.8458 Y=650385.0707 | X=538551.5634 Y=650395.5161 |
| X=537768.2291 Y=650373.8786 | X=538555.2742 Y=650400.5736 |
| X=537783.2727 Y=650371.3536 | X=538557.1013 Y=650403.4133 |
| X=537797.3623 Y=650369.3110 | X=538560.3693 Y=650409.3213 |
| X=537815.5278 Y=650367.2572 | X=538563.1013 Y=650415.4955 |
| X=537833.7562 Y=650365.8690 | X=538565.2760 Y=650421.8874 |
| X=537852.0231 Y=650365.1480 | X=538566.1487 Y=650425.1493 |
| X=537870.3043 Y=650365.0952 | X=538566.9585 Y=650429.5040 |
| X=537893.6516 Y=650366.0000 | X=538567.2817 Y=650433.9216 |
| X=537906.8366 Y=650366.9619 | X=538567.2593 Y=650436.1370 |
| X=537921.0139 Y=650368.2664 | X=538565.0422 Y=650495.9831 |
| X=538079.0950 Y=650385.9055 | X=538565.1174 Y=650518.2052 |
| X=538097.3024 Y=650387.7934 | X=538562.1753 Y=650596.9651 |
| X=538122.6384 Y=650389.8910 | X=538561.8963 Y=650602.3302 |
| X=538144.7672 Y=650390.9709 | X=538560.8839 Y=650613.0260 |
| X=538166.9200 Y=650391.2961 | X=538559.2686 Y=650623.6474 |
| X=538189.0710 Y=650390.8661 | X=538556.5172 Y=650665.0104 |
| X=538211.1945 Y=650389.6815 | X=538553.4720 Y=650704.2629 |
| X=538233.2648 Y=650387.7436 | X=538554.0604 Y=650710.1642 |
| X=538255.2562 Y=650385.0547 | X=538554.1470 Y=650716.0942 |
| X=538277.1432 Y=650381.6178 | X=538552.3106 Y=650746.1426 |
| X=538298.9003 Y=650377.4371 | X=538549.1033 Y=650854.9944 |
| X=538320.5023 Y=650372.5173 | X=538397.7700 Y=650817.3800 |
| X=538341.9241 Y=650366.8641 | X=538267.0100 Y=650785.3300 |
| X=538363.1408 Y=650360.4842 | X=538137.1010 Y=650754.0687 |
| X=538384.1278 Y=650353.3850 | X=538039.8100 Y=650730.4700 |
| X=538404.8606 Y=650345.5746 | X=537973.6900 Y=650714.6850 |
| X=538425.3152 Y=650337.0622 | X=537935.4200 Y=650705.1600 |
| X=538445.4678 Y=650327.8576 | X=537895.5250 Y=650695.8700 |
| X=538465.2950 Y=650317.9716 | X=537856.4150 Y=650687.4150 |
| X=538484.7738 Y=650307.4156 | X=537817.1150 Y=650681.6950 |
| X=538489.9643 Y=650304.3695 | X=537811.8784 Y=650681.3633 |
| X=538516.2802 Y=650348.5682 | X=537745.4801 Y=650469.6273 |
| X=538523.4764 Y=650359.6951 | X=537735.0497 Y=650431.7471 |
| X=538531.1460 Y=650370.5010 | центар |
| X=538535.1540 Y=650375.7774 | X=540944.6111 Y=649567.6554 |
| X=538543.5067 Y=650386.0644 | радиус 3323.8440 |

**Член 3**

Деталниот Урбанистички план за Градска четврт ЦС 09 Општина Гази Баба - Скопје, со тех.бр.120/15 од 04/2017 година, изработен од Друштво за урбанизам, проектирање и инжинеринг "ТЕКТОН" ДООЕЛ - Скопје, содржи:

**ОПШТ ДЕЛ**

ПОТВРДА ЗА РЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ
ЛИЦЕНЦА ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ БР.0035
РЕШЕНИЕ ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ПЛАНЕР
ОВЛАСТУВАЊА

**1. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

**1.1 <u>ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ</u>**

ВОВЕД

1. ПОВРШИНА И ОПИС НА ГРАНИЦАТА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ СО ГЕОГРАФСКО И ГЕОДЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА НЕГОВОТО ПОДРАЧЈЕ
2. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И НЕГОВАТА ОКОЛИНА
3. ПРИРОДНИ ЧИНИТЕЛИ
4. СОЗДАДЕНИ ВРЕДНОСТИ И ЧИНИТЕЛИ
5. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ЗЕЛЕНИЛОТО ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ, НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД И НА ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА
6. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ПОСТОЈНИ СПОМЕНИЧНИ ЦЕЛИНИ, ГРАДБИ ОД КУЛТУРНО-ИСТОРИСКО ЗНАЧЕЊЕ И КУЛТУРНИ ПРЕДЕЛИ
7. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА
8. АНАЛИЗА НА СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВАЖЕЧКИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
9. АНАЛИЗА НА МОЖНОСТИ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ
10. ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И ДРУГИ НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ

**1.2 НУМЕРИЧКИ ДЕЛ**

1. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ
2. БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ

**1.3 ГРАФИЧКИ ДЕЛ**

1. Извод од ГУП на Град Скопје 2012-2022 СО ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ
2. 2.1 ИЗВОД ОД УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ ССИ 08 СО ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ
2.2 ИЗВОД ОД УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ ЦС 11 СО ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ
2.3 ЗБИРЕН ГРАФИЧКИ ПРИЛОГ ОД ИЗВОДИ ОД УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ЧЕТВРТ СО ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ
3. Измена и дополна на ДУП на дел од источна индустриска зона блок Скопски саем
4. ДУП за локалитет во Источна индустриска зона, измена и дополна ЛОКАЛИТЕТ Дојрана
5. ДУП Локалитет Керамидница урбан блок 1
6. ДУП Локалитет КЕРАМИДНИЦА - Урбан блок 1
7. Дел од ДУП Локалитет Керамидница урбан блок 1 и дел од ДУП ИИ Зона ФАБРИКА КОМУНА Дел од МЗ Керамидница
8. ДУП - ИИ Зона Маџари
9. ДУП За градска четврт ЦС11 блок 01 општина Гази Баба-Скопје
10. ДУП УЗ Автокоманда Урбан блок 2Б
11. ДУП Дел од УЗ Автокоманда, Локална самоуправа и дел од комплекс факултети
12. ДУП МЗ "АВТОКОМАНДА" (54) дел
13. ЗБИРЕН ГРАФИЧКИ ПРИЛОГ ОД ИЗВОДИ ОД ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ СО ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ
14. АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА
15. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ЗЕЛЕНИЛОТО ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ, НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД И НА ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА
16. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА
17. СИНТЕЗЕН ПРИКАЗ

## 2. ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

### 2.1 ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1. ВИД НА ПЛАН, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕ И ПЛАНСКИ ПЕРИОД
2. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ
3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКОТО РЕШЕНИЕ
4. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА,РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ
5. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И ГРАДБИТЕ

2.2 НУМЕРИЧКИ ДЕЛ
1. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ
2. БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ

### 2.3 МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

1. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
2. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ
3. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО
4. МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА БАРИЕРИ ЗА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ

### 2.4 ГРАФИЧКИ ДЕЛ

1. ПЛАН НА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ И ГРАДБИ, РЕГУЛАЦИОНЕН ПЛАН И ПЛАН НА ПОВРШИНИ ЗА ГРАДЕЊЕ
2. СООБРАЌАЕН И НИВЕЛАЦИСКИ ПЛАН
3. ИНФРАСТРУКТУРЕН ПЛАН - ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА
4. ИНФРАСТРУКТУРЕН ПЛАН - ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКА И ЕЛЕКТРОНСКА КОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА
5. ИНФРАСТРУКТУРЕН ПЛАН - ГАСОВОДНА И ТОПЛОВОДНА ИНФРАСТРУКТУРА
6. СИНТЕЗЕН ПЛАН

Графичките прилози, текстуалниот дел и параметрите за уредување на просторот се составен дел на планот, направени според Законот за просторно и урбанистичко планирање (''Службен весник на РМ'' бр.199/14, 44/15 и 193/15), Правилникот за поблиската содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план,детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (''Службен весник на РМ'' бр.142/15) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (''Службен весник на РМ'', бр.142/15, 217/15, 222/15 и 228/15).

**Член 4**

Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план задолжително се прикачува во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам од страна на донесувачот на планот.

**Член 5**

Донесувачот на Деталниот урбанистички план е должен примерок од донесениот Детален урбанистички план во електронска форма да го објави на својата веб страна.

**Член 6**

Донесениот Детален урбанистички план се применува по прикачување на одлуката за донесување во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам, од страна на донесувачот на планот и по извршеното дигитално преклопување на урбанистичкиот план од страна на Агенцијата за катастар на недвижности.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-1340/8**
**од 13.04.2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКО УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ВО ПОТПРОЕКТ: "УНАПРЕДУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ И ПОДОБРУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКАТА ВИЗИБИЛНОСТ, НА ДЕСТИНАЦИЈА - СКОПСКА ЦРНА ГОРА И КУМАНОВСКИОТ РЕГИОН"**

1. Се објавува Одлуката за одобрување на финансиско учество на Општина Гази Баба во потпроект - "Унапредување на туристичкиот потенцијал и подобрување на туристичката визибилност, на дестинација - Скопска Црна Гора и кумановскиот регион", што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 13.04.2017 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-1421/7**
**од 18.04.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 3 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13) а во врска со Повикот за изразување на интерес - Проект за локална и регионална конкурентност (ПЛРК) - инвестиции на под-грантови во инфраструктура поврзана со туризмот и поврзување во дестинациите ЛРЦП-1/17, Советот на Општина Гази Баба на Педесет и деветтата седница одржана на ден 13.04.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКО УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ВО ПОТПРОЕКТ: "УНАПРЕДУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ И ПОДОБРУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКАТА ВИЗИБИЛНОСТ, НА ДЕСТИНАЦИЈА - СКОПСКА ЦРНА ГОРА И КУМАНОВСКИОТ РЕГИОН"**

**Член 1**

Со оваа одлука, Советот на Општина Гази Баба одобрува финансиско учество на Општина Гази Баба во потпроект - "Унапредување на туристичкиот потенцијал и подобрување на туристичката визибилност, на дестинација - Скопска Црна Гора и кумановскиот регион".

**Член 2**

Потроектот од член 1 од оваа одлука ќе се изготви со партнерство на Општина Гази Баба со "Факултет за туризам и бизнис логистика" при Универзитет "Гоце Делчев" - Штип и НУ "Музеј" - Куманово.

**Член 3**

Вкупната вредност на потроектот од член 1 од оваа одлука е **7.380.000,00** денари, без вклучен ДДВ.

**Член 4**

Финансиското учество на Општина Гази Баба (кофинансирање) се определува на **10%** од вкупната вредност на потроектот и изнесува **738.000,00** денари, без вклучен ДДВ.

**Член 5**

Се задолжува секторот за локален економски развој и информациско-комуникациски развој, да ја спроведе постапката за поднесување на потпроектот од член 1 од оваа одлука до единицата за спроведување на Проект за локална и регионална конкурентност (ПЛРК).

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-1340/9**
**од 13.04.2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2016 ГОДИНА**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Годишниот план за енергетска ефикасност на Општина Гази Баба за 2016 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 13.04.2017 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-1421/8**
**од 18.04.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 3 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13) а во врска со Годишниот план за енергетска ефикасност на Општина Гази Баба за 2016 година (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.7/16), расправајќи по извештајот за реализација на Годишниот план за енергетска ефикасност на Општина Гази Баба за 2016 година, бр.31-1347/1 од 06.04.2017 година, Советот на Општина Гази Баба на Педесет и деветтата седница одржана на ден 13.04.2017 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2016 ГОДИНА

1. Советот на Општина Гази Баба го усвојува извештајот за реализација на Годишниот план за енергетска ефикасност на Општина Гази Баба за 2016 година, бр.31-1347/1 од 06.04.2017 година, поднесен од секторот за локален економски развој и информациско - комуникациски развој.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-1340/10**
**од 13.04.2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКО УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ВО ПРОЕКТ: "ИЗГРАДБА НА ПРВА ФАЗА ОД ПРИМАРНА И СЕКУНДАРНА ВОДОВОДНА МРЕЖА ЗА СЕЛО РАШТАК И ИЗГРАДБА НА РЕЗЕРВОАР ЗА ВИСОКА ЗОНА ЗА СЕЛО РАШТАК"**

1. Се објавува Одлуката за одобрување на финансиско учество на Општина Гази Баба во проект - "Изградба на прва фаза од примарна и секундарна водоводна мрежа за село Раштак и итрадба на резервоар за висока зона за село Раштак", што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 13.04.2017 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-1421/9**
**од 18.04.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 3 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Програмата за урбано планирање ''Ф'', на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.17/16) а во врска со Договорот за ИПА грант бр.МСИП/ИПА/17, бр.08-892/1 од 25.02.2016 година, склучен помеѓу Министерство за финансии на Република Македонија и Општина Гази Баба, Советот на Општина Гази Баба на Педесет и деветтата седница одржана на ден 13.04.2017 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКО УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ВО ПРОЕКТ: "ИЗГРАДБА НА ПРВА ФАЗА ОД ПРИМАРНА И СЕКУНДАРНА ВОДОВОДНА МРЕЖА ЗА СЕЛО РАШТАК И ИЗГРАДБА НА РЕЗЕРВОАР ЗА ВИСОКА ЗОНА ЗА СЕЛО РАШТАК"

### Член 1

Со оваа одлука, Советот на Општина Гази Баба одобрува финансиско учество на Општина Гази Баба во проект - "Изградба на прва фаза од примарна и секундарна водоводна мрежа за село Раштак и иградба на резервоар за висока зона за село Раштак".

### Член 2

Вкупната вредност на грантот изнесува **7.380.000,00** денари, без вклучен ДДВ.

### Член 3

Финансиското учество на Општина Гази Баба (кофинансирање) се определува на износ до **2.000.000,00** денари, со вклучен ДДВ.

### Член 4

Средствата од член 3 на оваа одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Гази Баба за 2017 година, Програмата за урбано планирање ''Ф'', на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година - Потпрограма Ф.А - ставка 482 - ''Изградба на други водоводни мрежи и објекти на водоводните системи''.

### Член 5

Се задолжува секторот за градежништво, комунални работи и сообраќај да ја спроведе оваа одлука.

### Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-1340/11**
**од 13.04.2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ул. Архимедова бр. 2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (0)2 322 66 55, факс: +389 (0)2 321 51 12, http://www.gazibaba.gov.mk opstina@gazibaba.gov.mk

Бр.28-3/1015
24.03.2017 година

## ЈАВЕН ПОВИК ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ИЗРАБОТКА И ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

Врз основа на член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл.весник на Република Македонија" број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16) општина Гази Баба, Скопје распишува:

### ЈАВЕН ПОВИК

за доставување на иницијативи за изработка и донесување на урбанистички планови

Секое заинтересирано правно и физичко лице во тек на јавниот повик може да достави иницијатива за изработка и донесување на урбанистички планови од член 7 став 1 точка 2 алинеа 2, 3 и 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл.весник на Република Македонија" број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16).

Иницијативите можат да се достават во електронска форма преку информациски систем е-урбанизам или во писмена форма.

**Предмет на иницијативата може да биде донесување на нов урбанистички план или изменување и дополнување на постоечки урбанистички план, со дефинирани граници на опфат согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање("Сл.весник на Р.М." број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16).**

**Изработката на урбанистичките планови може да биде финансирана од страна на подносителот на иницијативата.**

Јавниот повик ќе трае од 30.03.2017година до 30.04.2017 година.

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
Тони Трајковски, с.р.

# СОДРЖИНА


**ОДЛУКА** за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишниот план за вработување на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2018 година . . . . . 4

**ОДЛУКА** за давање согласност на Годишниот план за вработување на Општина Гази Баба за 2017 година . . . . . 6

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР** за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2018 година . . . . . 8

**ЗАКЛУЧОК** за усвојување на извештајот за редовноста на членовите на Советот на Општина Гази Баба, во постојаните комисии на Советот на Општина Гази Баба, за период април 2013 - април 2017 година . . . . . 12

**ПРОГРАМА** за дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година . . . . . 18

**ОДЛУКА** за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт ЦС 09, Општина Гази Баба - Скопје . . . . . 22

**ОДЛУКА** за одобрување на финансиско учество на Општина Гази Баба во потпроект - "Унапредување на туристичкиот потенцијал и подобрување на туристичката визибилност, на дестинација - Скопска Црна Гора и кумановскиот регион" . . . . . 28

**ЗАКЛУЧОК** за усвојување на извештајот за реализација на Годишниот план за енергетска ефикасност на Општина Гази Баба за 2016 година . . . . . 30

**ОДЛУКА** за одобрување на финансиско учество на Општина Гази Баба во проект - "Изградба на прва фаза од примарна и секундарна водоводна мрежа за село Раштак и изградба на резервоар за висока зона за село Раштак" . . . . . 32

**ЈАВЕН ПОВИК** . . . . . 33



**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.04/17**
**59 седница**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 20 примероци

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
СКОПЈЕ